Врз основа на член 382, 383, 385, 387 и 388 од Законот за трговски друштва и одредбите од Статутот, Управниот одбор на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ, на својата седница одржана на ден 01.11.2022 година, донесе Одлука за свикување на вонредна седница на Собрание на акционери на Друштвото и за таа цел објавува

# ОСИГУРИТЕЛНО БРОКЕРСКО ДРУШТВО МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА

## П О В И К

### ЗА УЧЕСТВО НА ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО

Седницата на Вонредното Собрание на акционери на Осигурителното брокерско друштво МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје ќе се одржи на ден 13.12.2022 година (вторник) со почеток во 12,00 часот, во седиштето на МОБИЛИТИ БРОКЕР АД Скопје, на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје, со следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

**Процедурален дел:**

1. Отварање на седницата на Собранието на акционери
2. Утврдување на кворум за работа
3. Избор на претседавач и еден бројач на гласови
4. Избор на записничар

**Работен дел:**

1. Предлог-одлука за избор на членови на Надзорниот одбор;
2. Предлог – Одлука за наградување на претседателот на Надзорниот одбор на друштвото;
3. Предлог-одлука за определување на месечниот надоместок за членовите на Надзорниот одбор.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговски друштва.
Право на учество во работата и право на глас во собранието има секој акционер лично или од него овластено лице кој ќе го застапува на собранието, со писмено полномошно заверено кај нотар.
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Статутот и Законот за трговски друштва.
Акционерот е должен личното присуство да го најави пред почетокот на седницата на собранието. Овластените претставници на акционерите се должни полномошното да го достават пред почетокот на одржување на седницата на собранието.
Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.
Материјалите за Собранието по точките на дневниот ред, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на друштвото на ул.Митрополит Теодосиј Гологанов бр.51 Скопје.

МОБИЛИТИ БРОКЕР АД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН ОДБОР